**20180110111**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за културата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2018 година.

Бр. 08-266/1
11 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА

Член 1

Во Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ број 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), во член 11-б ставот (1) се менува и гласи:

„Уметник и стручен работник од областа на заштитата на културното наследство, кој остварил право на пензија и кој е добитник на една од следниве награди за областа на културата и уметноста:

- републичката, односно државната награда „11 Октомври“ или
- републичката, односно државната награда „Св. Климент Охридски“ или
- државната награда „23 Октомври“, има право на месечен паричен надоместок во висина на разликата меѓу пензијата што ја остварува и износот од 38.500 денари.“.

Член 2

Во членот 29 став (3) точката 4) се менува и гласи:

„има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;“.

Член 3

Во член 31-а ставовите (1), (2), (3) и (4) се бришат.

Во ставот (5) пред зборот „Платата“, бројот „(5)” се брише.

Член 4

Во член 31-б во ставот (2) зборовите: „наредните шест месеци“ се заменуваат со зборовите: „рок определен од министерот за култура кој не може да биде подолг од шест месеци“.

Во ставот (3) зборовите: „шестте месеци“ се заменуваат со зборовите: „рокот од ставот (2) на овој член“.

Член 5

Во членот 34 ставови (1) и (4) зборот „конкурс“ се заменува со зборовите: „јавен оглас“.

Член 6

Во членот 84 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Директорот на установата, односно одговорното лице во субјектот на надзорот е должно да му овозможи на инспекторот увид во состојбата, работата и актите и да му ги даде бараните податоци и известувања.“.

Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите: „управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“.

Член 7

Во членот 91 став (1) во алинејата 1 бројот „25“ се заменува со бројот „28“.

Член 8

Во членот 91-а во став (1) во алинејата 11 зборовите: „86 став (1)“ се заменуваат со зборовите: „84 став (3)“.

По алинејата 11 се додава нова алинеја 12, која гласи:

„- не ги преземе соодветните мерки и активности за отстранување на неправилностите во утврдениот рок (член 85 точка 1)).“.

Член 9

На уметниците и стручните работници од областа на заштитата на културното наследство кои до денот на влегувањето во сила на овој закон го оствариле правото на месечен паричен надоместок во висина на разликата меѓу пензијата што ја остваруваат и највисоката пензија во Република Македонија во претходната година, за тековната година по денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжи да им се исплаќа месечениот паричен надоместок согласно со членот 11-б од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ број 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16).

Член 10

Лицето кое се стекнало со титулата национален уметник, а со тоа и со правото на месечен паричен надоместок согласно со Законот за националниот уметник на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 44/11), до денот на влегувањето во сила на овој закон, доколку по денот на влегувањето во сила на овој закон се стекне со некоја од наградите од членот 1 од овој закон, истото го исклучува правото на истовремено користење на месечниот паричен надоместок од членот 1 од овој закон.

Член 11

Започнатите постапки по поднесено барање за остварување на месечен паричен надоместок од членот 1 од овој закон до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно со овој закон.

Член 12

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за културата.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.